USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# PRESS RELEASE

***ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ВЕДНАШ***
4 мај 2010 год.
Канцеларија за односи со медиумите:
+389 (0)2 310-2314
Е-пошта: bvelickovska@usaid.gov, или
nstankovic@agbiz.com.mk

## Достигнувањата на УСАИД во македонскиот агри-бизнис

Програмата на УСАИД АгБиз им честиташе на дваесет водечки македонски извозници во полето на агри-бизнисот на церемонија организира во нивна чест, а по повод успешните резултати на нивните Проекти за експанзија на бизнисот. Овие проекти беа насочени кон создавање на поконкурентен македонски извоз во полето на агри-бизнисот преку додавање вредност на постојните производи, развивање и ширење на нови извозни пазари, проширување на капацитетите на бизнисите, како и имплементирање на стандарди за храна.

„Програмата АгБиз претставува врвен пример за успех во разбивање на моќта на пазарните сили “, рече американскиот Амбасадор Филип Т. Рикер. Проектите на АгБиз за експанзија на бизнисот генерираа $28,5 милиони долари од извоз во 2009 година и стимулираа преку $7,6 милиони долари дополнителни инвестиции во приватниот сектор“.

Од март 2007 година, Програмата АгБиз работи со повеќе од 150 компании во полето на агри-бизнисот, и тоа во четири сектори: свежо овошје и зеленчук, вино, преработен зеленчук и собирање на диви шумски плодови. Програмата овозможува агри-бизнисите да ги идентификуваат, да ги разберат и трајно да влезат на извозните пазари со производи со додадена вредност; да ги зајакнат врските на пазарите меѓу самите производители, преработувачи и трговци; да го подобрат управувањето со бизнисот и работењето; да генерираат поголем приход за земјоделските производители и преработувачи и да креираат нови можности за вработување.

До денес, Програмата АгБиз обезбеди поддршка за 25 производствени организации и за четири трговски асоцијации; обучи преку 1200 лица; им помогна на компаниите од агри-бизнисот да потпишат нарачки за извоз во вредност од 10,3 милиони евра и им помогна на 36 агри-бизниси да идентификуваат потреба од финансиски средства од $6,9 милиони долари. За повеќе информации, посетете ја веб страницата: www.agbiz.com.mk.

БЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:
**Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија, започнувајќи од 1993 година.** УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подобруваат вештините за вработување кај македонските студенти. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон една стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји. За повеќе информации, посетете ја веб страницата: http://macedonia.usaid.gov